**НАЦРТ**

Врз основа на член 22, став 1, точка и 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 3 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18 и 06/19), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на___ 11.2021 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2022 година

### I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на превентивната и примарната здравствена заштита;
- Изнаоѓање форми за промовирање на превентивната заштита и едукација;
- Изнаоѓање форми за едукација од епидемиски и пандемиски заболувања;
- Подобрување на здравјето на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни здрав живот на децата и младите во локалната заедница;

### II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита ќе бидат насочени кон поттикнување на превентивата, организирање едукативни предавања за заштита на здравјето, прегледи на населението во градот и населените места во функција на рано откривање на одредени заболувања, помагање за остварување на целите на оваа Програма.

| | **Активности на Општина Велес за 2022 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **Т1** | **ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | **1.450.000** |
| 1 | Санитарни прегледи на вработените во образование | 400.000 |
| 2 | Здравствени прегледи на вработените во образование | 600.000 |
| 3 | Здравствени прегледи на вработени во ТППЕ | 450.000 |
| **Т1** | **ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ** | **2.450.000** |
| 1 | Третирање против возрасна форма на комарци | 1.800.000 |
| 2 | Ларвицидно третирање | 150.000 |
| 3 | Дератизација, дезинсекција и дезинфекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината | 500.000 |
| **Т1** | **ПРОМОЦИЈА И ЕДУКАЦИЈА** | **100.000** |
| 1 | Изработка на промотивен материјал, предавања, трибини, кампањи | 50.000 |
| 2 | Активности на Совет за јавно здравје | 50.000 |
| **Т1** | **МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА** | **100.000** |
| 1 | Партнерски активности со установи и институции | 50.000 |
| 2 | Партнерски активности со граѓански организации | 50.000 |
| **Т1** | **БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ** | **1.500.000** |
| 1 | План за контролата на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес 2021-2024 | 1.500.000 |
| **Т1** | **ВКУПНО** | **5.600.000** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на здравствената заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2022 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и Здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од областа на здравството за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Ресорното министерство;
- Бизнис заедницата, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде дадена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

## О б р а з л о ж е н и е

Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2022 година претставува континуитет од Програмата за 2021 година. Нацрт-документот е првично планирање на активностите во оваа област, а конечната. Предлог-програма ќе ги содржи во себе сите забелешки, сугестии и насоки што ќе произлазат од Советот на Општина Велес и јавните расправи со институциите, граѓанските организации и месните и урбани заедници.